**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 10-793/7**
**Скопје, 14.12.2005 година**

**ДО**
**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој извештај е извршената ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Тетово, кои се прикажани на страната 17.

2. Ревизијата на побарувањата и обврските од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Тетово за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Преземените побарувања и обврски од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

   - ВД Директор, Мр.спец.Д-р Љутви Зулбеари од 08.10.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 19 и да дадат мислење за побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 05.09. до 03.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор,
   - Емилија Јовановиќ, ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали побарувањата и обврските вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба во согласност со применетата законска регулатива, која важи во Република Македонија,
   - дали се законски засновани побарувањата и обврските.

8. Побарувањата и обврските кои се прдмет на овој извештај се засновани на сметководствената евиденција на субјектот со состојба на 30.06.2005 година, со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека побарувањата и обврските се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на побарувањата и обврските и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 28.11.2005 година добиени се Забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Тетово бр.03-3324/1. Забелешките се разгледани и по истите е констатирано следново:

    - Забелешката на констатациите изнесени во точката 10.5.4, поради дополнително доставени докази на Претходниот извештај се прифаќаат;
    - Забелешките на констатациите изнесени во точките 10, 10.3.3. и 10.3.5.на Претходниот извештај делумно се прифаќаат и
    - Забелешките на констатациите изнесени во точките 10.1.1, 10.3.2, 10.3.6, 10.4.2, 10.4.3. на Претходниот извештај не се прифаќаат.

11. Со ревизијата на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година, дадени во преглед како составен дел на овој Конечен извештај, ревизорите оценија:

- ➢ Висок ризик од погрешно прикажување на побарувањата и обврските од меѓусебните односи со Фондот за здравствено осигурување, поради:
- - неутврдена планска рамка на целокупното финансирање на ЈЗО Медицински центар Тетово и склучување договори со Фондот за здравствено осигурување, односно претходно утврдени критериуми со цел правилно толкување и примена на договорите, определување на износот на средствата за набавка на лекови и медицински материјал и начинот на наплатата на побарувањата.
- - зголемени обврски за лекови и медицински потрошен материјал по набавки од страна на Фондот за потребите на Медицински центар, над реално извршените здравствени услуги над лимитите утврдени од Фондот и
- - неизвршено редовно усогласување на обврските, како и контрола од Фондот за трошењето на лекови и медицински материјал споредбено со потребите, по набавки извршени од страна на Фондот.

- ➢ Висок ризик од погрешно прикажување на побарувањата од меѓусебните односи со Министерство за здравство, поради несоодветно утврдена рамка за регулирање на меѓусебните односи на финансирањето на Медицинскиот центар Тетово од Министерство за здравство, за извршените услуги за бегалците од Косово и цивилните лица повредени во војната.

- ➢ Висок ризик од погрешно прикажување на побарувањата и обврските од меѓусебните односи со правните и физичките лица, поради:

- непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат на побарувања од правни и физички лица,
- вршени набавки од Медицински центар Тетово над реалните потреби, со што се зголемени обврските без да има зголемувања во здравствени услуги,
- невоспоставени интерни постапки за управување со набавките, реализација на истите и нивно следење по договорите во количини, вредност и времетраење, согласно потебите и
- превземање на обврски без претходно обезбедени средства, што придонесува работење со згуба во периодот од 2003 и 2004 година, а во 2005 година редовна неликвидност, односно блокирање на сметката од страна на судот, при присилна наплата по предлози за извршување на утужените неисплатени обврски.

**Финансиската значајност на горенаведените побарувања и обврски е оценета како висока и ризикот за добро управување е оценет како висок.**

***<u>Генерална препорака</u>:*** Воспоставување на финансирање врз основа на плански утврдена рамка за обезбедување средства, склучување договори со Фондот за здравствено осигурување, контрола на трошењето на средствата споредбено со потребите, вршење на усогласување на обврските со Фондот и другите здравствени установи, како и на побарувањата од Министерство за здравство, правните и физичките лица, согласно законската регулатива и изнаоѓање на соодветни решенија за надминување на лошата финансиска состојба која е условена од горенаведените причини.

### 11.1. Неправилна примена на акти:

11.1.1. Медицински центар Тетово нема доставено до Фондот за здравствено осигурување предлог план со финансиски и други податоци, а од Фондот не добива известување за планот и програмата за здравствени услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување, поради што не е извршено планирање на средствата потребни за обезбедување на одреден обем на здравствени услуги, што е спротивно на член 68 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на вршење на добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели. Ваквиот начин на работење создава обврски кои ги надминуваат лимитите на побарувањата и обврските.

11.1.2. Медицински центар Тетово наплатата на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување ја врши во паушален износ, кој не еднаков со износот на фактурираните здравствени услуги, поради не склучен Договор со Фондот за извршување на здравствените услуги, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на утврдување на начинот на плаќање на здравствените услуги извршени од страна на Медицински центар Тетово и на зголемување на ненаплатени побарувања од Фондот за здравствено осигурување.

11.1.3. Медицински центар Тетово склучил Договор број 02-6755/1 од 15.09.2004 година со Фондот само за снабдување со лекови и за извршување на здравствените услуги за потребите на аптеките, без претходно утврдени критериуми за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од страна на Фондот и без добиена согласност од Министерот за здравство, што е спротивно на член 69 од Законот за здравствено осигурување. Истото влијае на правилното толкување и

примена на договорот, како и на определување на износот на средствата за набавка и начинот на наплата на побарувањата.

11.1.4. Од страна на Медицински центар Тетово во текот на 2004 и 2005 година неправилно е воспоставена пракса во врска со снабдувањето на лековите од други понудувачи на регистрирани лекови, поради несоодветно толкување на членовите 13 и 14 од Договорот број 02-6755/1 од 15.09.2004 година во врска со фактурирањето од страна на Медицински центар Тетово до Фондот, за издадените лекови без бандероли и Известувањето на Фондот број 10-5074/1 од 30.06.2004 година. Медицински центар Тетово врз основа на тоа склучува договори со други понудувачи на регистрирани лекови, кои не биле избрани како најповолни во тендерот за лекови спроведен од Фондот, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Истото има влијание на исплата на обврските спрема добавувачите кои не биле избрани како најповолни во тендерот за лекови спроведен од Фондот и наплата на побарувањата од Фондот по фактурите за издадените лекови од истите.

**Препораки и мерки:**

1. Медицински центар Тетово за да изврши добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели, треба да го обезбеди од Фондот планот на средствата за здравствените услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување и врз основа на тоа да донесе финансиски план.

2. За извршување на здравствените услуги Медицински центар Тетово да склучува договори со Фондот, по претходно утврдени критериуми од страна на Фондот и добиена согласност од Министерот за здравство, согласно членовите 69 и 70 од Законот за здравствено осигурување, да врши правилно толкување и примена на договорите и определување на износот на средствата за набавка на лекови и медицински материјал и начинот на наплата на побарувањата.

3. Медицински центар Тетово за снабдувањето на лековите од други понудувачи на регистрирани лекови, да врши набавка во согласност со Законот за јавни набавки, а фактурирањето до Фондот да биде согласно членовите 13 и 14 од Договорот од 15.09.2004 година.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

11.2.1. Медицински центар Тетово евидентира обврски по групните набавки за лекови и медицински материјал од страна на Фондот за потребите на Медицински центар Тетово, за кои Фондот склучува договори, а фактурите гласат на Медицински центар Тетово, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на несоодветно разграничување на обврските.

11.2.2. При плаќањето на обврските по фактури од добавувачите, од страна на Фондот се раздолжуваат обврските на Медицински центар Тетово и истовремено се намалуваат побарувањата за извршени здравствени услуги од Фондот, без да биде запазено сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции.

**Препораки и мерки:**

1. Да се врши евидентирање на обврските по групни набавки од страна на Фондот, а за потребите на Медицински центар Тетово, врз основа на фактури кои гласат на Фондот, заради соодветно разграничување на обврските, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

2. При евидентирање на исплатата на обврските и наплатата на побарувањата да се применува сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

### *11.3. Неправилна примена на сметководствените политики и начела-Побарувања:*

Ревизијата утврди неправилна примена на сметководствените политики и начела, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за здравствено осигурување и Законот за облигациони односи. Истото влијае на наплатата на побарувањата кои според старосната структура се прикажани во прегледот број 1.

11.3.1. Утврдена е неусогласеност на побарувања од Фондот помеѓу Медицински центар Тетово и Фондот за здравствено осигурување, во вкупен износ од 3.653 илјади денари во делот на наплатената партиципација од 2003 година и во евидентирањето на хуманитарна помош која се однесува на лековите и потрошниот материјал кои според Фондот се набавки по тендер, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на реалното искажување на побарувањата.

**Препораки и мерки:**

1. Медицински центар Тетово да изврши усогласување со Фондот за здравствено осигурување во делот на наплатената партиципација и евидентирање на хуманитарна помош.

11.3.2. Со ревизијата на побарувања од правни и физички лица за здравствени и други услуги, утврдени се неправилности, спротивно на Законот за облигациони односи кои се однесуваат на:

- Побарувања од правни и физички лица за здравствени и други услуги во износ од 3.121 илјада денари, со старосна структура од над три години, за кои поради високите судски трошоци, не се преземени мерки од страна на Медицински центар Тетово. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплатливост на побарувањата и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

- Сомнителните и спорни побарувања со состојба од 6.964 илјади денари, кое потекнува од 1995-2003 година и се однесува на побарувања за извршени здравствени услуги на физички лица со предлог за извршување, без да се знае исходот на започнатите постапки, поради неиспратено барање од страна на Медицински центар Тетово до надлежните судови за известување за извршување на започнатите постапки. Истото влијае на реалното искажување на побарувањата.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат мерки за наплата на Побарувањата од купувачите по редовен или судски пат, а за побарувањата за кои е поминат рокот на наплата да се даде предлог за отпис на истите.

2. За Сомнителните и спорните побарувања од извршени здравствени услуги на физички лица кои се утужени од страна на Медицински центар Тетово, ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата преземени се мерки, односно испратено е барање за известување до надлежните судови за исходот на започнатите постапки.

11.3.3. Со ревизијата на побарувањата за дадени аванси, утврдени се неправилности кои се однесуваат на побарувања по извршени претплати на добавувачите за кои нема прием и не е извршена работата, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи и тоа за набавки кои се направени од страна на:

- Медицински центар Тетово за периодот од 1999 – 2004 година во износ од 176 илјади денари, поради непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат и влијае на наплативост на побарувањата и
- Фондот за здравствено осигурување за потребите на Медицински центар Тетово во износ од 853 илјади денари, поради не доставено известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите и влијае на реалното искажување на побарувањата.

**Препораки и мерки:**

1. Ревизијата е на мислење за извршените претплати за набавки кои се направени од Медицински центар Тетово, а кои сеуште не се застарени, да се преземат мерки за наплата по редовен или судски пат, а за побарувањата за кои е поминат рокот на наплата да се даде предлог за отпис.

2. За евидентираните претплати од страна на Фондот за набавки кои се спроведени за потребите на Медицински центар Тетово, да се обезбеди известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите.

11.3.4. Побарувања од вработените за нерефундирани парични средства во износ од 103 илјади денари од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана се нереално и необјективно прикажани, поради евидентирани исплатени надоместоци на плата за ангажираните резервисти, вработени во МЦ Тетово, кои не се рефундирани. За истите во 2003 година се поднесени само барања за рефундација до надлежните Министерства, без да бидат преземени мерки за наплата по судски пат, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата.

. **Препораки и мерки:**

1. Да се преземат мерки за наплата на побарувања од рефундирани парични средства по судски пат кои сеуште не се застарени, а врз основа на поднесените барања за рефундација до надлежните Министерства во 2003 година.

11.3.5. Побарувањата за повеќе платени придонеси, во износ од 204 илјади денари се однесуваат на побарувања за повеќе платен придонес за водостопанство од 1994 година иако во 1999 година е поднесено писмено барање до Управата за јавни приходи за поврат на повеќе уплатениот придонес не се преземени мерки за поврат на средствата , што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото влијае на реално искажување и наплата на побарувањата.

**Препораки и мерки:**

1. Ревизијата е на мислење со оглед на изминатиот законски рок на наплата на повеќе уплатениот придонес за водостопанство, да се даде предлог за отпис на истиот.

11.3.6. Со ревизијата на побарувања од пресметаните приходи што не можеле да бидат фактурирани, утврдени се неправилности кои се однесуваат на побарувања од :

- Фонд за здравствено осигурување за непризнати побарувања за извршени здравствени услуги над примените аванси во износ од 20.372 илјади денари и Министерство за здравство за реализација на програми, услуги на неосигурани лица, бегалци и цивилни лица повредени во војната 2001 година во износ од 147.052 илјади денари за кои е изминат рокот за наплата, поради непреземени мерки од страна на Медицински центар Тетово, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата што влијае на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

- Министерство за здравство за извршени здравствени услуги на цивилни лица повредени во војната 2001 година во износ од 683 илјади денари, поради недобиено писмено известување за регулирање на меѓусебните односи на финансирањето и фактурирање на истите. Истото има влијание на наплативоста на побарувањето.

**Препораки и мерки:**

1. Медицински центар Тетово да изврши отпис на побарувањата за кои не се превземени мерки за наплата по редовен или судски пат, а е поминат рокот на наплата.

2. За вршење непредвидени здравствени услуги Медицински центар Тетово да обезбедува писмен документ за регулирање на начинот за вршење и наплата на здравствените услуги.

11.3.7. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации),не бевме во можност да се увериме дека состојбата на побарувањата е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (67%) од коминтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Тетово. Од вкупно добиените одговори, 17% не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 7.583 илјади денари.

### *11.4. Неправилна примена на сметководствените политики и начела-Обврски:*

11.4.1. Евидентирани се обврски спрема Завод за здравствена заштита од Тетово во вкупен износ од 9.440 илјади денари кои произлегуваат од 1995 година, поради неизвршено меѓусебно затворање на побарувањата и обврските Фонд - Медицински центар Тетово - Заводот за здравствена заштита, а истите се застарени и не се отпишани, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото влијае на нереално и необјективно прикажување на обврските (преглед прилог број 2).

**Препораки и мерки:**

1. Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските со другите здравствени установи и расчистување на заостанатите салда за кои отпштиот рок на застареност е поминат.

11.4.2. Обврски за лекови, медицински материјали и осигурување за набавки по тендер од Фондот за потребите на Медицински центар Тетово се нереално и необјективно прикажани, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување поради:

- вршени набавки над реалните потреби во 2004 година, со што се зголемени обврските споредбено од 2003-2004 година во износ од 42.877 илјади денари (24%), над лимитот утврден од Фондот, без да има зголемувања на здравствените услуги искажани во Извештајот за 2004 година. Истото влијае на зголемување на неисплатените обврски од тој период,

- неизвршени контроли од Фондот за следење на ваквиот начин на набавка, како и на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење и истото има влијание на зголемување на обврските над реалните потреби .

- неизвршеното меѓусебно срамнување помеѓу Фондот и Медицински центар Тетово за неисплатени обврски, за кои не е добиено писмо за затворање на обврските спрема добавувачите од Фондот и истото влијае на меѓусебното затворање на обврските и побарувањата

- необезбедено известување од Фондот за состојбата на обврските по извршените срамнувања со добавувачите за дел од неисплатените обврски, во износ од 9.571 илјади денари, кои произлегуваат од 2003 година и влијае на реалното искажување на обврските.

**Препораки и мерки:**

1. Да се утврди износот на средствата што Медицински центар Тетово може да ги користи за набавка на лекови и медицински материјали по тендер од Фондот, согласно реалните потреби, односно во соодност со извршените здравствени услуги и лимитот утврден од Фондот

2. Фондот да воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите за снабдување со лекови и медицински материјали склучени од негова страна по количини, вредност и времетраење, како и на вршењето нарачки од добавувачите во согласност со потребите.

3. Да се врши редовно усогласување на побарувањата и обврските со цел да се изврши соодветно затворање на обврските спрема добавувачите по набавки извршени од страна на Фондот и меѓусебното затворање на обврските и побарувањата, согласно Законот за здравствено осигурување.

4. Да се побара известување од Фондот за состојбата на обврските по извршените срамнувања со добавувачите за дел од неисплатените обврски.

11.4.3. Обврски за лекови и медицински материјали набавени од Медицински центар Тетово, се нереално и необјективно прикажани, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување поради:

- вршени набавки над реалните потреби со што се зголемени обврските споредбено 2003-2004 година во износ од 28.194 илјади денари (25%), без да има зголемувања во здравствените услуги искажани во Извештајот за 2004 година и споредбено 30.06.2004 со 30.06.2005 година во износ од 26.166 илјади денари (30%). Истото влијае на зголемување на неисплатени обврски од тој период.

- невоспоставени интерни постапки за управување со набавките, реализација на истите и следење на извршувањето на набавките по договорите во количини, вредност и времетраење и истото има влијание на зголемување на обврските над реалните потреби .

- неизвршено усогласување со добавувачите и расчистување на салдата кои произлегуваат од обврски пред 2003 година во износ од 1.713 илјади денари, а истите поради застареност не се отпишани што влијае на зголемување на обврските над реалните потреби .

**Препораки и мерки:**

1. Да се утврди износот на средствата што Медицински центар Тетово може да ги користи за набавка на лекови и медицински материјали согласно реалните потреби, односно во сооднос со извршените здравствени услуги.

2. Медицински центар Тетово да воспостави интерни постапки за управување со набавките во врска со реализацијата на истите и нивно следење. Да се обезбеди соодветна контрола на договорените и реализираните набавки и за таа цел да се изврши распределба на одговорностите за вршење на набавки, согласно реалните потреби.
3. Да се врши редовно усогласување со добавувачите и расчистување на заостанатите салда од обврските, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.4.4. Обврските спрема добавувачите за набавка на лекови и медицински материјали од второрангираните понудувачи во износ од 8.133 илјади денари се нереално и необјективно прикажани, поради извршено снабдување на лекови од други понудувачи кои не биле избрани како најповолни по тендер од Фондот, без претходно утврдени интерни постапки за управување со снабдувањето на лекови согласно потебите, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување и Законот за

сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на зголемување на обврските.

**Препораки и мерки:**

1. Медицински центар Тетово да не презема обвски за набавка на лекови и медицински материјали од добавувачите, без претходно утврдени интерни постапки за управување со снабдувањето на лекови, согласно потребите, а исплата на истите да биде усогласена со Фондот.

11.4.5. Евидентирана е обврска во износ од 14.222 илјади денари спрема Фондот за здравствено осигурување за неисплатена партципација, поради воспоставената пракса за исплата на партиципацијата до висината на наплатените побарувања од страна на Фондот. Истото влијае на исплата на обврската за партиципација согласно Законот за здравствено осигурување.

**Препораки и мерки:**

1. Исплатата на обврската за партиципација да се врши согласно Законот за здравствено осигурување.

11.4.6. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации),не бевме во можност да се увериме дека состојбата на обврските е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (56%) од коминтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Тетово. Од вкупно добиените одговори, 50 % не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 17.073 илјади денари.

***11.5. Неправилна примена на сметководствените политики и начела-превземени обврски без претходно обезбедени средства и тоа:***

Ревизијата утврди неправилна примена на сметководствените политики и начела, поради преземени обврски за кои нема обезбедено финансиски средства, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки.

11.5.1. За реконструкција на кров над хируршкиот блок преземени се обврски во износ 6.577 илјади денари, а обезбедени се финансиски средства само во износ од 2.000 илјади денари од Фондот за здравствено осигурување (Програма за инвестициони вложувања), поради нереално утврден начин на финансирање на истото, односно износот од 4.676 илјади денари предвидено е да се обезбеди од сопствени извори во период 2004 и 2003 година кога Медицински центар Тетово работи со загуба, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и исплата на истите.

11.5.2. За изградба на дијагностички ургентен центар и надградба на диспанзер за бели дробови преземени се обврски во износ 3.286 илјади денари за кои нема обезбедено финансиски средства, поради нереално утврден начин на финансирање на истото, односно во Одлука за изградба од 2003 година предвидено е да се обезбедат финансиски средства за таа намена од донации, а истите не се добиени, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и исплата на истите.

11.5.3. За изработка и ревизија на техничка документација-главен проект за изградба на дијагностички ургентен центар и надградба на диспанзер за бели дробови и за вршење на стручен надзор при изведбата во 2003 година преземени се обврски во износ од 1.688 илјади денари за кои нема обезбедено финансиски средства од Фондот или од сопствени извори, поради нереално утврден начин на финансирање на истото во период кога Медицински центар Тетово работел со загуба, што е спротивно на Законот за буџети и Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските и исплата на истите.

**Препораки и мерки:**

1. Да се врши наменско трошење на средствата согласно обезбедените финансиски средства од Фондот за здравствено осигурување со Програмата за инвестициони вложувања или од сопствени извори.

2. Да се преиспита потребата од преземените обврски за извршените изградби и да се изнајде начин на обезбедување на средства за исплата на обврските по истите.

***11.6. Неправилна примена на сметководствените политики и начела-евидентирани побарувања и обврски спротивно на законските прописи и тоа:***

Ревизијата утврди неправилна примена на сметководствените политики и начела, поради евидентирани побарувања и обврски спротивно на Законот за облигациони односи и Законот за јавни набавки.

11.6.1. Евидентирано е побарување без склучен договор за регулирање на правата и обврските, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно Законот за облигациони односи. Истото влијае на наплата на побарувањата од:

- Основен суд Тетово во вкупен износ од 3.392 илјади денари за извршени услуги од страна на Медицински центар Тетово (обдукција, вештачење по судски предмети, изготвување медицински извештаи за повреди и сл.)

- Завод за здравствена заштита ХЕС – Тетово во износ од 845 илјади денари за платени комуналии од страна на Медицински центар Тетово за користење заеднички простор (од кои 50% треба да се надоместат од ХЕС – Тетово).

- Прва градска аптека - Тетово, Гоја фарм – Тетово и Жане фарм - Тетово во вкупен износ од 21.796 илјади денари за издадени лекови од комерцијална и позитивна листа, од кои 18.854 илјади денари се однесуваат на продажба на лекови од позитивна листа,

11.6.2. Евидентираните обврски за осигурување во износ од 1.753 илјади денари спрема АД за осигурување Вардар од Скопје се нереално и необјективно прикажани поради:

- Неосновано преземени обврски со Вонсудска спогодба од 15.03.2005 година за динамика на отплата на долг во износ од 24.741 илјади денари со АД за осигурување Вардар од Скопје, а произлегуваат од претходно

склучената Спогодбата од 07.07.1999 година помеѓу Фондот за здравствено осигурување и АД за осигурување Вардар од Скопје, каде Фондот ја презема обврската во износ од 6.367 илјади денари под услов наредните 5 години Медицински центар Тетово да биде осигуран во АД за осигурување Вардар од Скопје. По известување и согласност од Фондот извршено осигурување на Медицински центар Тетово кај друга осигурителна компанија, односно не е постапено по член 5 од Спогодбата од 1999 година, поради што АД за осигурување Вардар од Скопје извршил утужување и неосновано го терети Медицински центар Тетово за долг кој според Законот за здравствено осигурување и спогодбата од 1999 година е обврска на Фондот. Истото има влијание на зголемување на обврските и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Тетово.

- Неосновано преземени обврски по член 4 од Спогодбата од 15.03.2005 година со АД за осигурување Вардар од Скопје од страна на Медицински центар Тетово да истиот или организационите делови, доколку би се формирале со реорганизацијата во наредните пет години бидат осигурани во АД за осигурување Вардар од Скопје со целокупниот имот и опрема, моторни возила и вработените, поради тоа што АД за осигурување Вардар од Скопје се откажува од наплата на 14.741 илјади денари, што е спротивно на членовите 10 и 11 од од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските.

**Препораки и мерки:**

1. Да се склучуваат договори за извршените услуги согласно законската регулатива.

2. Да се изврши евидентирање на неисплатената обврска по Вонсудска спогодба помеѓу Медицински центар Тетово и АД за осигурување Вардар од Скопје, а од страна Фондот да се превземат мерки за регулирање за плаќање на истото, согласно законската регулатива.

### *11.7. Неправилна примена на постапките од Законот за јавни набавки - спроведени набавки од страна на Фондот за потребите на Медицински центар Тетово*

11.7.1. Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот од името на група набавувачи (јавните здравствени установи) кои имаат потреба од ист вид на набавка, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на контролата за следење на извршување на договорите склучени помеѓу Фондот и добававувачите по количини, вредност и времетраење, како и начинот на вршење на нарачки. Со овој начин на набавки се врши зголемување на обврските над реалните потреби.

**Препораки и мерки:**

1. Групните набавки да се извршуваат по претходно склучен договор за извршување на групна набавка, во кој децидно ќе биде регулирана организацијата на набавките и меѓусебните односи на Фондот и Медицински центар Тетово, а Фондот да воспостави контрола на договорите и нарачките.

### 11.8. Неправилна примена на постапките од Законот за јавни набавки - спроведени набавки од страна на Медицински центар Тетово

11.8.1. Поради неупатеност во законската регулатива формирана е Комисија за јавни набавки од страна на Управниот одбор со истечен мандат, без да се искористи правото на в.д.Директорот за донесување решение за формирање на истата, согласно член 20 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на спроведување на постапките за јавни набавки.

11.8.2. Не се донесени Одлуки за потребите на одделни набавки, со што не е утврден износот на средствата потребни за реализација на набавките и критериумите за избор на најповолен понудувач, што е спротивно на член 12 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на превземање обврски без претходно утврдени средства.

11.8.3. Постапката за јавна набавка не се врши согласно одредбите од Законот за јавни набавки, поради неправилно воспоставената пракса и недоволна обученост на лицата кои учествуваат во спроведувањето на постапките за јавни набавки, односно за потребата од соодветна набавка од службите се доставува до Комисијата за јавни набавки барање за набавка. Службите вршат прибирање, рангирање на понудите и доставувааат спецификацијата до Комисијата, а претседателот врз основа на спецификацијата дава предлог за избор, по кој директорот донесува Одлуки за избор на најповолен понудувач. Истото создава можност за измами грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

11.8.4. Со увид во склучените договори во текот на 2003 и 2004 година ревизијата констатира дека договорите содржат одредби спротивни за деловно работење за Центарот и тоа:

- во договор од 08.10.2003 година склучен со Биотек ДООЕЛ Скопје за набавка на брз систем за детерминација на хемоглобин во крвта и единствени тест кивети, за период од две години со кој Медицински центар Тетово е принуден да набави и потроши 20 кутии кивети во рок од две години, во спротивно добавувачот ќе го повлече апаратот од употреба и ќе ја преземе сопственоста над истиот, што е спротивно на член 5 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на преземање обврски без претходно утврдени средства.

- во договор од 30.08.2004 година склучен со Акцент Милан дооел експорт-импорт за набавка на фискална апаратура за читање на платежни картички, во кој е предвидено 100% авансно плаќање и според член 7 од договорот по истекот на гарантниот период за секои 12 месеци годишно одржување и сервисирање на апаратурата и исплата по фактура за паушално одржување, што е спротивно на членовите 10, 11 и 88 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на преземање обврски без претходно утврдени средства.

11.8.5. Медицински центар – Тетово, склучува договори за набавка на лекови со добавувачи без спроведена постапка за јавна набавка, поради погрешно толкување на известувањето од Фондот бр.10-5074/1 од 30.06.2004 година за снабдување на лекови од позитивната листа и од другите (второрангирани) понудувачи на регистрирани лекови од кои аптеките во состав на

Медицински центар Тетово може да вршат набавки. Медицинскиот центар Тетово склучува договори со добавувачи спротивно на Законот за јавни набавки, со што во текот на 2005 година има преземено обврски во вкупен износ од 8.133 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на неформираната Комисија за јавни набавки согласно член 20 од Законот за јавни набавки, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата одговорното лице на Медицински центар Тетово донесе Одлука за формирање Комисија за јавни набавки бр.02-2760/1 од 27.09.2005 година.

2. Медицински центар Тетово да донесува Одлуки за потребите на одделни набавки, каде ќе биде утврден износот на средствата потребни за реализација на набавките и критериумите за избор на најповолен понудувач, согласно член 12 од Законот за јавни набавки.

3. Во текот на спроведувањето на ревизијата Медицински центар Тетово превзема мерки за правилно толкување на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

4. Медицински центар Тетово да преземе мерки да не се склучуваат договори кои содржат штетни одредби за Центарот.

5. Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.1 до 11.6 побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Тетово, невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба со оваа дата, во согласност со применетата законската регулатива, која важи во Република Македонија.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1 до 11.8 кај ЈЗО Медицински центар Тетово, побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година, не се законски засновани, согласно регулативата што важи во Република Македонија.

14. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Медицински центар Тетово во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*14.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1. Ставката Побарувања од буџетот во Билансот на состојба е потценета за износ од 1.102 илјади денари, а за истиот износ е преценета ставката Побарување од Фондот, поради погрешна сметководствена евиденција на побарувања од буџетот – Министерство за здравство за период од 31.03-30.06.2005 година по основ Програма за здравствена заштита на одредени групи на населние и оделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани за 2005 година, а евидентирани како побарувања од Фондот.

14.1.2. Позицијата Активни временски разграничувања во Билансот на состојба е потценета за износ од 6.361 илјада денари, а за износ од 5.407 илјади денари е потценета позицијата Краткорочни финансиски обврски и за износ од 954 илјади денари позицијата Обврски спрема државата и други институции, поради неевидентирање на преземените обврски по Договор за дело за месец 4,5 и 6.2005 година.

15. **Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во кои Медицински центар Тетово се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа:

  - Судски спор со ТДП Велефарм ДООЕЛ од Скопје по ПСС бр.267/00 во износ од 329 илјади денари, поради извршено двапати плаќање на добавувачот и по фактура и по профактура за кое Медицински центар Тетово има поднесено тужбено барање во 1997 година, по што е донесена пресуда во 2002 година побарувањето да се наплати од правниот наследник. Поради променета адреса и жиро сметка истото не е наплатено. Од страна на Медицински центар Тетово до судот нема поднесен предлог за извршување;

  - Судски спор со НИП Нова Македонија по ИС бр.192/03 во износ од 167 илјади денари, поради ненаплатено побарување од закупнина;

  - Судски спор со Костовски Бошко ИС бр. 2584/03 во износ од 220 илјади денари, поради поради ненаплатено побарување од закупнина;

  - Судски спор со ПП Бис од Тетово по П.бр.1481/00 во износ од 105 илјади денари, поради ненаплатено побарување од закупнина и

  - Судски спор со Превентива од Тетово по ПС бр.14/2003 во износ од 194 илјади денари, поради ненаплатено побарување за извршена здравствена услуга.

- Судски спорови во кои Медицински центар Тетово се јавува во својство на тужен за неисплатени обврски и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа:

  - Судски спор со ТД Бубера - ЈК од Тетово по Пс.бр.292/05 за отплата на долг на износ од 4.527 илјади денари, како и камата сметана од 01.07.2005 година до наплатата и трошоци на извршна постапка, поради неисплатен дел по Договор и Завршна ситуација за кои не се обезбедени средства утврдени со Програмата за инвестициони вложувања од Фондот за здравствено осигурување.

  - Вонсудска спогодба склучена на 05.07.2005 година за динамика на отплата на долг ( долг заедно со судски, процесни трошоци, такса и камата) во износ од 3.286 илјади денари со Ферт Атомик од Тетово, склучена поради започнување на извршување на ИС.бр.216/05 и блокирање на сметката на Медицински центар Тетово. Заклучно со 30.06.2005 година исплатен е износ од 1.000 илјада денари како прва рата на отплата, а втората и третата рата ќе бидат исплатени од следните два месеци по 1.143 илјади денари месечно.

- Судски спор со Друштво за промет Варус од Скопје по Ис.бр.306/05 за отплата на долг на износ од 766 илјади денари, законска затезна камата на тој износ и судски трошоци на постапка, поради неисплатени фактури за набавка на лекови од 2004 и 2005 година.

- Судски спор со Ванчо Несторовски од с.Вратница вработен во Медицински центар Тетово по П.бр. 802/05 за исплата на долг како рефундација – враќање на уплатени средства на Стоматолошки факултет на износ од 160 илјади денари, законска затезна камата на тој износ и судски трошоци, поради неисполнување на обврската по Договор за упатување на специјализација. По записник од 07.09.2005 извршено е судско порамнување за исплата на долгот на три еднакви рати, почнувајќи од месец септември 2005 година.

**Скопје, 05.12.2005 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

## ПРЕГЛЕД НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ НА ЈЗО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ТЕТОВО

**НА ДЕН 30.06.2005 ГОДИНА**

| ОПИС НА ПОЗИЦИЈАТА | Образложение | Состојба на 30.06.2005 |
|---|---|---|
| | | 000 Ден. |
| **ПОБАРУВАЊА** | | |
| **ТЕКОВНИ ПОБАРУВАЊА** | | |
| Побарување од Буџет | 3.1.1. | 2,321 |
| Побарување од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за извршени здравствени услуги | 3.1.2. | 187,926 |
| Побарувања од правни и физички лица за извршени здравствени и други услуги | 3.1.3. | 28,935 |
| Сомнителни и спорни побарувања | 3.1.4. | 6,964 |
| Дадени аванси | 3.1.5. | 1,358 |
| Побарувања од вработените | 3.1.6. | 194 |
| Побарувања за државата и други институции | 3.1.7. | 292 |
| Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани | 3.1.8. | 184,557 |
| Други побарувања | 3.1.9. | 4 |
| **ВКУПНО ПОБАРУВАЊА** | | **412,551** |
| **ОБВРСКИ** | | |
| **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | | |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 4.1.1. | 31,309 |
| Обврски спрема другите здравствени установи | 4.1.2. | 13,242 |
| Обврски за лекови и медицински материјали набавени по тендер од страна на ФЗОМ за потребите на ЈЗО Медицински центар Тетово | 4.1.3. | 128,117 |
| Обврски за лекови и медицински материјали набавени од ЈЗО Медицински центар Тетово | 4.1.4. | 41,528 |
| Обврски спрема добавувачи за нефактурирана стока | 4.1.5. | 19 |
| Краткорочни финансиски обврски спрема вработени по договор за дело | 4.1.6. | 5,412 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.1.7. | 3,667 |
| Меѓусебни обврски во односите со фондовите-неуплатен дел по основ на партиципација | 4.1.8. | 14,222 |
| Краткорочни обврки за плати и други обврски спрема вработените | 4.1.9. | 20,506 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **258,022** |